РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ„СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
**ШКОЛА ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ**

# УПАТСТВО
## за акредитирање генерички предмети

Согласно Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен на 31 декември 2020 година, во студската програма се акредитираат задолжителните наставни предмети:

- Етика во научноистражувачката работа од областа со 3 ЕКТС-кредити;
- Методологија на научноистражувачка работа од областа со 3 ЕКТС-кредити.

Имајќи го предвид упатството од Одборот за акредитација, во насловот на наставниот предмет не е задолжително да се назначи областа. Содржината на предметот, т.е. Прилог бр. 3 од елаборатот за акредитација/повторна акредитација, треба да упатува на областа од која се овие два предмети.

Во случај кога единицата, организатор на студиската програма, нема наставник од областа на двата задолжителни наставни предмети, може да вклучи наставник од друга единица, со 100% од предметот или со друг процетен сооднос.

Се препорачува наставата на овие предмети да се изведува на македонски и англски јазик.

Во студиската програма треба да се акредитираат наставни предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување, од кои се составува Универзитетска листа на изборни предмети.

Овие наставни предмети, акредитирани во студиската програма, може да бидат од:

1. областа на студискта програма, што по акредитацијата на студиската програма ќе се понудат на други студиски програми,
2. други студиски програми, што исто така треба да бидат акредитирани (со Прилог бр 3, Прилог бр. 4, изјава од настаникот/наставниците и пропратните документи ако студиската програма не е акредитирана на истата единица) во дадената студиска програма.

Согласно член 139 став (9), од Законот за високо образование: „Во листата на изборни наставни предмети на наставната програма која се изведува на единицата на универзитетот, можат да бидат вклучени и наставни предмети кои се изведуваат на друга единица на универзитетот.", се препорачува во студиската програма да се акредитираат наставни предмети од други студиски програми или да се изберат од постечките акредитиорани наставни предмети што веќе се наоѓаат на Универзитетската листа на изборни предмети.

Бројот на акредитираните предмети од точка 1 и 2 треба да биде најмалку еден, а најмногу три. Овој услов е предлог и не е регулиран во Правилникот, па единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје можат да донесат одлука, различна од дадениот предлог.

Наставниот предмет за стекнување генерички знаења и вештини за истражување, од универзитетска листа на изборни предмети, има пропишан код.

## Кодирање на наставниот предмет за стекнување генерички знаења и вештини за истражување за универзитетска листа на изборни предмети

| | |
|---|---|
| **UxxSyyPzz** | Код на наставниот предмет |
| **U** | Универзален знак (буква) во кодот на изборниот предмет |
| **xx** | Двоцифрен знак што ја означува единицата на УКИМ која ја акредитира студиската програма (двоцифрениот знак е идентичен со редниот број на единицата од табелата во продолжение) |
| **Syy** | Дел од кодот што ја означува студиската програма. Се состои од знак (латинична буква S) и двоцифрена ознака за реден број на студиската програма од листата на акредитирани студиски програми на единицата (Пример: S01, S02, S03...) |
| **Pzz** | Дел од кодот што го означува изборниот предмет. Се состои од знак (латинична буква P) и реден број на предметот (Пример: P01, P02, P03...) |

| xx | Единица на УКИМ |
|---|---|
| | **Факултети** |
| 01 | Архитектонски факултет |
| 02 | Градежен факултет |
| 03 | Економски факултет |
| 04 | Машински факултет |
| 05 | Медицински факултет |
| 06 | Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ |
| 07 | Правен факултет „Јустинијан Први“ |
| 08 | Природно-математички факултет |
| 09 | Стоматолошки факултет |
| 10 | Технолошко-металуршки факултет |
| 11 | Факултет за ветеринарна медицина |
| 12 | Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер |
| 13 | Факултет за драмски уметности |
| 14 | Факултет за електротехника и информациски технологии |
| 15 | Факултет за земјоделски науки и храна |
| 16 | Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство |
| 17 | Факултет за ликовни уметности |
| 18 | Факултет за музичка уметност |
| 19 | Факултет за физичко образование, спорт и здравје |
| 20 | Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ |
| 21 | Фармацевтски факултет |
| 22 | Филозофски факултет |
| 23 | Филолошки факултет „Блаже Конески“ |
| | **Институти** |
| 24 | Економски институт |
| 25 | Земјоделски институт |
| 26 | Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија |

| | |
|---|---|
| 27 | Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| 28 | Институт за сточарство |
| | **Придружни членки - Јавни научни установи** |
| 29 | Институт за македонска литература |
| 30 | Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ |
| 31 | Институт за национална историја |
| 32 | Институт за фолклор „Марко Цепенков“ |

Проректор за настава
Проф. д-р Христина Спасевска